EBRD press release

European Bank for Reconstruction and Development

**ЗА ИТНА ОБЈАВА**
Датум: 20 декември 2012

Контакт: Свитлана Пиркало
Тел.: +44 20 7338 6002
Е-маил: pyrkalos@ebrd.com

# Охридска банка доби 13 милиони евра за кредитирање на МСП

*Со цел да им излезе во пресрет на барањата на малите бизниси, ЕБОР обезбеди кредитни линии за Охридска Банка*

---------

Малите и средни претпријатија во Македонија и понатаму имаат потреба за кредити. ЕБОР одобрува две одделни програми за финансирање за да ѝ помогне на Охридска банка, како амбициозна банка ориентирана кон малите и средни претпријатија, да обезбеди повеќе средства за своите клиенти.

Едната програма од 10 милиони евра е наменета за финансирање на капитални инвестиции, обртен капитал и за извозно и пред-извозно финансирање на македонските мали и средни претпријатија.

Втората програма од 3 милиони евра ќе претставува продолжување на тековната линија од Програмата за Поддршка на Приватниот Сектор (ПССФ*) во износ од 5 милиони евра која што Охридска Банка успешно ја користи во изминатите 2 години. Овие средства ќе се користат за поддршка на развојот на македонските бизниси, преку инвестиции за подобрување на еколошките, здравствените и безбедносните стандарди и квалитетот на производите во согласност со барањата на ЕУ.

Овој двоен пакет за финансирање ќе и овозможи на Охридска банка да им излезе во пресрет на барањата на сегашните и идните клиенти.

Филип Котора, член на Бордот на Директори на Охридска банка изјави: „Охридска банка, членка на Сосиете Женерал Групацијата, е посветена да им обезбеди поддршка на своите клиенти - малите и средни претпријатија, за да им помогне да растат и да бидат конкурентни во новиот свет кој ќе дојде по надминувањето на кризата. Во последно време, голем број клиенти ни пристапија со нови инвестициски проекти базирани на цврсти финансиски основи. Овие компании ја заслужуваат нашата поддршка. За да им помогне да ги остварат своите амбиции, Охридска банка договори ново конкурентно финансирање со ЕБОР, со која ја делиме трајната посветеност кон иднината на македонскиот бизнис.”

Елена Урумовска, Претставник на ЕБОР за Македонија изјави: „Охридска банка е најактивната партнер банка на ЕБОР во Македонија. Досега заедно веќе одобривме 15 милиони евра заеми на локалните претпријатија; овие нови трансакции ќе обезбедат дополнително финансирање за МСП, особено во сегментот до 1 милион евра."

Охридска банка а.д. Охрид е постоечки клиент на ЕБОР кој претходно има реализирано три проекти со Банката.

Од почетокот на своето работење во Македонија, ЕБОР има инвестирано повеќе од 1,1 милијарда евра во земјата, во повеќе од 80 проекти.

* Програма за Поддршка на Приватниот Сектор во Западен Балкан е рамка наменета за поддршка на бизнисите во регионот со цел исполнување на стандардите на ЕУ.

###

*ЕБОР, која е во сопственост на 63 земји и две меѓувладини институции, го поддржува развојот на пазарните економии и демократии. Следете не на web, Facebook и Twitter.*